Користење на вашиот NDIS план

Книга 3 од 3

Верзија за лесно читање

Macedonian | Македонски

Лесно читање

ndis

ndis.gov.au

ndis.gov.au

Како да се користи оваа книга

Оваа книга ја напиша Националната програма за осигурување на лица со попреченост (National Disability Insurance Agency - NDIA). Кога ќе го видите зборот „ние“, тоа значи NDIA.

Ја напишавме оваа книга на начин што е лесен за читање.

Користиме слики за да објасниме некои идеи.

Крупно

Не крупно

Некои важни зборови ги напишавме со **крупни** букви.

Тоа значи дека буквите се подебели и потемни.

Објаснуваме што тие крупни зборови значат.

Список на тие зборови е на страницата 74.

Оваа книга лесна за читање (Easy Read) е резиме на една друга книга.

Може да побарате помош за читање на оваа книга. Некој пријател, член на семејството или лице за поддршка би можеле да ви помогнат.

Има 3 книги кои делуваат заедно.

Во првата книга се објаснува како да се поднесе барање за NDIS.

Во втората книга се објаснува како да се направи NDIS план.

Во третата книга се објаснува како да го користите вашиот NDIS план.

Ова е Книга 3.

Целата книга не мора да ја прочитате наеднаш.

Не мора да брзате и читајте ја кога можете.

Што содржи овој документ?

Како го започнувате вашиот NDIS план? 6

Како може да го видите вашиот план? 10

Разбирање на вашиот буџет за поддршка 22

Како може да управувате со вашето финансирање? 30

Користење на вашиот план 32

Даватели на услуги 38

Почнување со вашата поддршка и услуги 50

Обезбедување дека вашиот план ви користи 58

Преразгледување на вашиот план 63

Повеќе информации 72

Список на зборови 74

Белешки 79

Како го започнувате вашиот NDIS план?

Кога ќе го одобриме вашиот NDIS план, ќе ве прашаме дали сакате:

- да имате состанок
- да разговарате за вашиот план.

Може да добиете поддршка да го започнете вашиот план.

Би можеле да добиете поддршка од:

- партнер за поддршка на деца на претшколска возраст

- локален обласен координатор

- NDIA планер.

Кои се тие луѓе објаснуваме во Книгата 2 – Правење на вашиот NDIS план

Исто така може да добиете поддршка од:

- тренер за закрепнување - некој кој им помага на луѓето со попреченост околу нивното ментално здравје

- координатор за поддршка - некој кој ви помага да ја планирате и користите вашата поддршка од NDIS.

Сите овие луѓе може да помогнат да го разберете:

- вашиот план

- која подршка може да користите.

Исто така, тие може да ви помогнат:

- да најдете поддршка што ги задоволува вашите потреби

- да научите како да резервирате услуга

- да се поврзете со вашата заедница.

Тие можат да ви помогнат да ги користите:

- порталот myplace
- апликацијата my NDIS.

Исто така, овие луѓе може да одговорат на сите прашања што ги имате за вашиот план.

Податоци за контакт на вашиот партнер за поддршка на деца на претшколска возраст, локален обласен координатор или NDIA планер

Име

Телефонски број

Имејл адреса

Адреса на канцеларија

Како може да го видите вашиот план?



Откако ќе се договориме за сè во вашиот план, ќе ви пратиме копија.

Тоа ќе го направиме во рок од 7 дена.

Исто така, ќе ве прашаме во кој формат сакате да биде вашиот план.

На пример, како писмо или имејл.

Исто така, вашиот план може да го видите на:

- порталот myplace
- апликацијата my NDIS.

Порталот myplace

Порталот myplace е на веб-страницата myGov.

Во Книгата 2 објаснуваме како myplace да го поврзете со myGov - Правење на вашиот NDIS план.

Кога првпат ќе го користите myGov, ќе ви пратиме код.

Тој код ќе ви помогне да отворите сметка.

На порталот myplace може да го видите планот што:

- го имате сега
- го имавте порано.

На порталот myplace може да ги проверите:

- вашите податоци за контакт

- пораките од NDIS.

А вие може:

- да управувате со вашите резервации
- да ги видите сите ваши плаќања.

Апликација my NDIS

Апликацијата my NDIS може да ја преземете (download) од:

- Google Play
- Apple Store.

На апликацијата my NDIS вие може:

- да ги видите вашите лични податоци и информации за планот

- да го видите **финансирањето** во вашиот план

- да управувате со вашите плаќања.

Финансирање се пари од државата со кои се плаќаат поддршка и услуги.

Партнери за поддршка на деца на претшколска возраст

Информациите во вашиот план се врз основа на вашиот разговор за планирање.

Вашиот план ќе има 5 дела.

1. Информации за вас

Овој дел содржи информации за:

- вашата попреченост
- вашите секојдневни активности
- каде живеете и со кого живеете
- кој ви дава поддршка сега.

2. Семејство и пријатели

Овој дел содржи информации за тоа како вашето семејство и пријатели ви даваат поддршка за да ги остварите вашите цели.

3. Услуги и групи во заедницата

Овој дел содржи информации за поддршката што ја дава заедницата или државата.

4. Ваши цели

Овој дел ги содржи целите што сакате да ги остварите.

5. Финансирана поддршка

Во овој дел се објаснува кое финансирање добивате.

Кои други информации има во вашиот план?

Некои видови поддршка во вашиот план може да се „наведена поддршка“ (‘stated supports’).

Тоа значи дека финансирањето мора да се користи за тој вид на поддршка.

А некои видови поддршка во вашиот план може да се „поддршка во натура“ (‘in-kind supports’).

Тоа значи дека државата веќе платила за тие видови поддршка.

Па вие не треба да го користите вашето финансирање за да платите за нив.

За некои видови поддршка во вашиот план може да се вели дека е „потребна процена“ (‘quote required’).

Тоа значи дека мора да ѝ дадете повеќе информации пред да можете да го користите вашето финансирање за таа поддршка.



Ако зборувате англиски како втор јазик, може да добиете преведувач за да ви помогне да ја користите поддршката во вашиот план.

Вие не треба да платите за преведувачот.

Преведувач е некој кој:

- го зборува вашиот јазик
- ви помага да разберете што некој вели.

Вие може да го користите вашето финансирање за да го платите преведувачот, ако ви треба нејзина/негова поддршка поради вашата попреченост.

На пример, ако вашата попреченост влијае на тоа како слушате.

Што ако сакате да смените делови од вашиот план?

Вие може да ги смените целите во вашиот план во секое време.

Исто така може да ги смените податоците за вас.

На пример, да ја промените адресата ако сте се преселиле.

Може да побарате од нас да ги смениме вашите:

- цели
- податоци.



Кога ќе го направите тоа, ќе ви пратиме копија на вашиот нов план.

Помош да го промените вашиот план може да добиете од вашиот:

- партнер за поддршка на деца на претшколска возраст

- локален обласен координатор

- NDIA планер.

Како може да контактирате со нас?

Може да ја посетите нашата веб-страница на **www.ndis.gov.au**

Или може да нѝ се јавите на **1800 800 110**

Што ако не се согласувате со содржината на вашиот план?

Ако не сте задоволни со вашиот план, треба да разговарате со вашиот:

- партнер за поддршка на деца на претшколска возраст
- локален обласен координатор
- NDIA планер.

Тие може да ги објаснат:



- нашите одлуки

- како може да го користите вашето финансирање.

Тие може да ви помогнат да решите секој проблем.

Ако и натаму не се согласувате со нашата одлука, може да побарате да направиме **внатрешно преразгледување (internal review)**.

При внатрешно преразгледување, го проверуваме вашиот план за да видиме што:

- работи добро
- може да биде подобро.



Откако ќе го добиете вашиот план, имате рок од 3 месеци да побарате да ја преразгледаме нашата одлука.

Вие може да продолжите да го користите вашиот план додека го преразгледуваме.

Ако сте останале незадоволни откако сме ја преразгледале нашата одлука, може да се јавите на **Трибунал за административни жалби (Administrative Appeals Tribunal - AAT)**.

AAT ги преразгледува владините одлуки.

Може да се јавите на AAT.

1800 228 333

Може да ја посетите веб-страницата на AAT.

www.aat.gov.au

Разбирање на вашиот буџет за поддршка

Ние ќе го поделиме вашето финансирање за да се платат различни видови на поддршка.

Ние тоа го викаме ваш **буџет за поддршка**.

Постојат 3 вида буџети за поддршка:

1. Основна поддршка

2. Голема поддршка

3. Поддршка за развивање на способности.

На следните страници даваме објаснение за секоја од нив.

Буџет за основна поддршка

Буџетот за основна поддршка ви помага околу секојдневни активности.

Постојат 4 вида на поддршка во овој буџет:

1. Помош за секојдневниот живот

Ова финансирање е за поддршка што ви е потребна во секојдневниот живот, на пример за чистење на вашиот дом.

Тоа понекогаш се вика „дневни активности“.

2. Потрошни производи (consumables)

Ова финансирање е за секојдневни работи што ви се потребни, како што е опремата што ви помага да јадете.

3. Помош за социјално дружење и учество во заедницата

Ова финансирање е за некој да ви даде поддршка да учествувате во активности.

Тоа понекогаш се вика „учество во социјални активности, активности во заедницата и граѓански активности“.

4. Превоз

Ова финансирање ви помага да патувате до места заради остварување на вашите цели.

На пример, патување на работа.

Ова финансирање секој го користи на различни начини.

Буџет за голема поддршка

Буџетот за голема поддршка е за поскапа **технологија за помош**.

Технологијата за помош може:

- да олесни да се прават нешта
- да ве одржува безбедни.

Технологијата за помош може да биде:

- помагало или опрема
- систем што се користи.

Постојат две категории на поддршка во овој буџет:

1. Технологија за помош

Ова финансирање е за опрема за движење и за комуницирање.

2. Домашни преправки

Со ова финансирање се плаќаат измени во вашиот дом.

Буџет за поддршка за развивање на способности

Буџетот за развивање на способности ви помага да работите на остварувањето на вашите цели.

Овој буџет ве поддржува:

- да правите работи во врска со вас

- да научите нови способности.

Постојат 9 категории на поддршка во овој буџет.

1. Координација на поддршката

Од ова финансирање се плаќа координаторот на поддршка за да ви помогне да го користите вашиот план.

2. Подобрени услови на живеење

Со ова финансирање се плаќа поддршката да најдете и живеете во добар дом.

Тоа некогаш се вика ‘CB home living’ („Јакнење на способностите за живеење дома“).

3. Зголемено учество во социјални и активности во заедницата

Со ова финансирање се плаќа поддршката за да ви се помогне да:

- научите нови способности
- учествувате во заедницата.

Тоа понекогаш се вика ‘CB social community and civic participation’ („Јакнење на способностите за учество во социјални активности, активности во заедницата и граѓански активности“).

4. Наоѓање и задржување на работа

Од ова финансирање се плаќа поддршката со која ви се помага да најдете работа и да ја задржите.

Тоа понекогаш се вика ‘CB employment’ („Јакнење на способностите за вработување“).

5. Подобрени односи

Ова финансирање е за да ви се помогне да делувате на позитивен начин.

Тоа понекогаш се вика ‘CB relationships’ („Јакнење на способностите за врски“).

6. Подобрено здравје и благосостојба

Ова финансирање ве поддржува да научите како да имате здрав живот.

Понекогаш тоа се нарекува ‘CB health and wellbeing’ („Јакнење на способностите за здравје и благосостојба“).

7. Подобрено учење

Ова финансирање е за времето кога преминувате од училиште на универзитет или TAFE.

Понекогаш тоа се нарекува ‘CB lifelong learning’ („Јакнење на способностите за учење во текот на целиот живот“).

8. Подобрен избор во животот

Ова финансирање е за менаџерот за планирање кој ќе ви помогне да управувате со парите во вашиот план.

Понекогаш тоа се нарекува ‘CB choice and control’ („Јакнење на способностите за избор и контрола“).

9. Подобрен секојдневен живот

Ова финансирање ве поддржува:

- да правите повеќе работи самите
- да учествувате во заедницата.

Понекогаш тоа се нарекува ‘CB daily activity’ („Јакнење на способностите за секојдневен живот“).

Како може да управувате со вашето финансирање?

Во вашиот план се објаснува како ќе управувате со вашето финансирање.

Во вашиот план ќе се наведе дали вие:

- ќе управувате самостојно (self-manage) - вие ќе управувате со вашиот план

- ќе имате менаџер за планирање - некој кого вие ќе го ангажирате за да ви помогне да управувате со вашето финансирање

- со вашето финансирање ќе управува NDIA.

Исто така може да одберете комбинација на овие опции.

На пример, вие може самите да управувате со дел од финансирањето, а NDIA да управува со остатокот.

Разликата меѓу тие опции ја објаснуваме во Книгата 2 - Правење на вашиот NDIS план.

Вие и натаму имате избор и контрола над вашиот план, дури и ако со финансирањето управува:

- менаџер за планирање

- NDIA.

Ако сакате да го смените начинот на кој управувате со вашето финансирање, може да разговарате со вашиот:

- партнер за поддршка на деца на претшколска возраст
- локален обласен координатор
- NDIA планер.

Користење на вашиот план

На што може да го трошите вашето финансирање?

Кога избирате на што да го трошите вашето финансирање, треба да обезбедите тоа да биде според нашите правила.

Имаме некои прашања на кои може да одговорите.

Тие прашања може да ви помогнат да разберете на што може да го трошите вашето финансирање.

Може да одговорите со „Да“ или „Не“ на секое прашање.

Прашање 1

Дали поддршката ви помага во остварувањето на целите во вашиот план?

☐ Да

☐ Не

Прашање 2

Дали цената на поддршката е реална?

☐ Да

☐ Не

Прашање 3

Дали поддршката можете да ја платите од вашиот буџет?

☐ Да

☐ Не

Прашање 4

Дали поддршката ќе ви помогне во различни подрачја на вашиот живот?

На пример, дали вашата поддршка ќе ви помогне да:

- најдете работа и ја задржите



- одите во училиште или на универзитет

- се поврзете со заедницата, вклучително со вашето семејство и пријатели.

☐ Да

☐ Не

Прашање 5

Дали владини служби ја плаќаат поддршката наместо NDIS?

На пример, може да добиете поддршка од:

- здравствени служби, на пример болница или забар
- образовни служби како што е универзитет
- служби за домување
- јавен превоз.

☐ Да

☐ Не

Прашање 6

Дали поддршката ќе ви помогне да учествувате во активности во заедницата?

Тоа вклучува:

- минување време со пријатели

- наоѓање и останување на работа.

☐ Да

☐ Не

Прашање 7

Дали поддршката е безбедна?

☐ Да

☐ Не

Како може да ги користите вашите одговори?

Ако сте одговориле „Да“ на сите овие прашања, вашата поддршка може да биде добар избор за:

- вас
- вашето финансирање.

Но, ако сте одговориле „Не“ на било кое од овие прашања, можеби ќе сакате да побарате други видови поддршка.

Даватели на услуги

Што е давател на услуги?



Давател на услуги (service provider) дава поддршка на други луѓе со тоа што им дава услуги.

Давател на услуги може да биде:

- организација

- поединец.

Секој давател на услуги е различен.

Затоа е важно да најдете давател на услуги кој може да ги задоволи вашите потреби.

NDIS Quality and Safeguard Commission (NDIS Commission) (Комисија на NDIS за квалитет и безбедност) (Комисија на NDIS) проверува дали луѓето со попреченост кои учествуваат во NDIS:

- се безбедни
- добиваат добри услуги.

Некои даватели на услуги се на списокот што го води Комисијата на NDIS.

Ние ги викаме **регистрирани даватели (registered providers)**.

Регистрираните даватели мора да ги следат правилата на Комисијата на NDIS за да дадат поддршка што е:

- безбедна
- добра.

Некои даватели на услуги не се на тој список.

Ние ги викаме нерегистрирани даватели.

Како да најдете даватели на услуги?

Кога ќе процените кои услуги сакате, може да дознаете за даватели на услуги кои се:

- во вашата област
- ви одговараат.

Даватели на услуги може да најдете на:

- порталот myplace

- на Provider Finder (наоѓање на даватели на услуги) на нашата веб-страница. **www.ndis.gov.au/participants/working-providers/find-registered-provider/provider-finder**

Ако не можете да најдете давател на услуги во вашата област, може да разговарате со вашиот:

- партнер за поддршка на деца на претшколска возраст
- локален обласен координатор
- NDIA планер.

Поддршка може да добиете по телефон или онлајн.

На пример, поддршка може да добиете преку видео-повик.

Како да го одберете вистинскиот давател на услуги?

Можеби сте користеле даватели на услуги пред да се вклучите во NDIS.

Може да одберете повторно да работите со нив.

Но, ако со вашето финансирање управува NDIA, мора да користите регистрирани даватели.

Или може да одберете да работите со нови даватели на услуги.

Кога размислувате за користење на давател на услуги, постојат некои прашања што може да го прашате.

Дали сте регистриран давател?

Како ќе ми помогнете да ги остварам моите цели?

Колку чини вашата услуга?

Дали може да одберам кој ќе работи со мене?

Дали можете да ми дадете услуга во време што ми одговара?

Како да ви речам кога има проблем?

Споделување на вашиот план

Ако сакате, вашиот план може да го споделувате со други луѓе.

Мора да нѝ дадете согласност ако сакате ние да го споделуваме:

- целиот ваш план
- дел од вашиот план.

Кога давате согласност, вие велите дека е во ред да се направи нешто.

Може да нѝ ја дадете вашата согласност:

- на порталот myplace

- во канцеларија на NDIA.

Најдете давател на услуги кој ви одговара



Додека наоѓате различни даватели на услуги, може да пишувате белешки со кој од нив би сакале да работите.

Давател на услуги 1

Што е вашата цел?	
Каква поддршка ви треба?	
Зошто мислите дека некој давател на услуги е соодветен за укажување на таа поддршка?	
Кој давател би можеле да го користите?	

Давател на услуги 2

Што е вашата цел?	
Каква поддршка ви треба?	
Зошто мислите дека некој давател на услуги е соодветен за укажување на таа поддршка?	
Кој давател би можеле да го користите?	

Давател на услуги 3

Што е вашата цел?	
Каква поддршка ви треба?	
Зошто мислите дека некој давател на услуги е соодветен за укажување на таа поддршка?	
Кој давател би можеле да го користите?	

Давател на услуги 4

Што е вашата цел?	
Каква поддршка ви треба?	
Зошто мислите дека некој давател на услуги е соодветен за укажување на таа поддршка?	
Кој давател би можеле да го користите?	

Давател на услуги 5

Што е вашата цел?	
Каква поддршка ви треба?	
Зошто мислите дека некој давател на услуги е соодветен за укажување на таа поддршка?	
Кој давател би можеле да го користите?	

Почнување со вашата поддршка и услуги

Цени

Ние имаме горна граница на цените кои давателите на услуги може да ги наплатат.

Давателите на услуги може да наплатат помалку од горната граница, но не повеќе.

Нашите горни граници на цените може да ви помогнат да добиете праведна цена за вашата поддршка.

Договори за услуги

Договор за услуги (service agreement) е писмен план меѓу вас и вашиот давател на услуги.

Во него се објаснува:

- поддршката што ќе ја користите
- како давателот на услуги ќе ви дава поддршка
- колку ќе чини поддршката.

Договор за услуги ви помага да бидете сигурни дека ја добивате поддршката што сте ја платиле.

Добра идеја е да имате копија на вашиот договор за услуги.

Кога правите договор за услуги, може да имате поддршка од член на семејството или пријател/пријателка.

Вашиот давател на услуги треба да ви помогне да го разберете договорот за услуги.



На нашата веб-страница имаме информации лесни за читање во врска со договорите за услуги.

www.ndis.gov.au/providers/working-provider/connecting-participants/service-agreements

Резервирање



Со вашиот давател на услуги треба да договорите **резервирање на услуги (service booking)** откако ќе:

- одлучите каква поддршка ви треба
- одберете давател на услуги.

Резервирањето на услуга вклучува:

- вид на поддршка што ви се укажува

- колку долго ќе трае услугата

- колку ќе чини услугата.

Услуги може да резервирате само со регистрирани даватели.

Резервираната услуга ја вклучува само поддршката за која сте се договориле вие и вашиот давател на услуги.

Вашиот регистриран давател може да резервира услуга на порталот myplace.

Вие исто така можете да резервирате услуга на порталот myplace.

Резервирана услуга може да промените или откажете во секое време.

Но, треба да проверите што се вели во вашиот договор за услуги околу откажувањето или менувањето на резервирана услуга.

На пример, давателот на услуги можеби треба да биде известен еден ден порано.

Парите што не сте ги потрошиле ќе ги вратиме во вашиот буџет.

Плаќање на вашите услуги

Вие плаќате за вашата поддршка и услуги преку порталот myplace.

Ако самите управувате

Ако сами управувате со вашето финансирање (self-manage), има два начина да платите за вашите услуги.



Може да поднесете барање за исплата (payment request) преку порталот myplace откако вашиот давател на услуги ви пратил **фактура**.

Фактура (invoice) е документ што содржи:

- список на услугите што треба да бидат платени
- износот што треба да биде платен.

Или услугите може да ги платите со ваши пари.

И да поднесете барање за исплата за да ви ги вратат парите преку:

- порталот myplace
- апликацијата my NDIS.

Мора да водите евиденција за сите ваши исплати.

Тоа ги вклучува сите ваши фактури.

Ако имате менаџер за планирање

Ако имате менаџер за планирање, тој/таа:

- ќе ги плаќа услугите
- ќе води евиденција за вашите исплати.

Вашите даватели на услуги треба нивните фактури да ги праќаат на вашиот менаџер за планирање.

Ако со вашето финансирање управува NDIA

Ако со вашето финансирање управува NDIA, вашите даватели на услуги ќе ги побаруваат нивните исплати преку порталот myplace.

Вашиот давател на услуги треба да ги има вашиот:

- NDIS број

- датум на раѓање



- презиме.

Обезбедување дека вашиот план ви користи

Водење сметка за вашиот буџет

Добра идеја е да проверувате колку од финансирањето имате:

- искористено
- преостанато.

Исто така, треба да водите евиденција за поддршката што ја добивате.

Ако самите управувате (self-manage) со вашето финансирање, треба да водите сметка колку трошите.

Треба да го користите финансирањето што ви треба, кога ви треба.

А давателите на услуги не смеат да бараат исплата за поддршка што не ја укажале.

Ако тоа се случи, вие треба:

- да контактирате со вашиот давател на услуги

- да се обидете да го решите проблемот.

Што ако не сте задоволни со поддршката што ја добивате?

Ако не сте задоволни со поддршката што ја добивате, треба да разговарате со вашиот давател на услуги.

Може да побарате од некого во кого имате доверба да ви даде поддршка, како на пример застапник (advocate) - некој кој зборува во име на луѓе со попреченост.

Исто така може да побарате поддршка од Комисијата на NDIS (NDIS Commission).

И можете да ги смените давателите на услуги ако:

- не сте задоволни

- повеќе не ви требаат нивните услуги

- најдете друг давател на услуги со кого сакате да работите.

Вие и вашиот давател на услуги мора да се согласите кога сакате да заврши вашата поддршка.

Што ако нешто се смени во вашиот живот?

Со текот на времето нешто може да се смени во вашиот живот, како на пример:

- поддршката што ви треба за вашата попреченост
- каде живеете
- со кого живеете
- вашата работа.

Ако нешто се смени во вашиот живот, ве молиме речете нѝ што е можно поскоро.



Кога работите во вашиот живот ќе се сменат, вашиот план треба да се смени за да имате подобра поддршка.

Или вашиот план може да остане ист.

Што се сменило можете да нѝ речете во образецот на нашата веб-страница.

www.ndis.gov.au/participants/using-your-plan/changing-your-plan/change-circumstances

Исто така, вие може лично, во канцеларија на NDIA, да нѝ речете што се сменило.

А може да нѝ речете и по телефон.

Преразгледување на вашиот план



Вашиот план ќе има краен рок.

Ќе контактираме со вас пред планот да заврши, за да организираме време и ден за **преразгледување (reassessment)** на вашиот план.

Кога го преоценуваме вашиот план, проверуваме што треба да се смени.

Вашиот план може да го преразгледаме:

- лично

- по телефон.

Кога го преразгледуваме вашиот план, со вас може да биде некој друг како, на пример:

- член на семејството

- пријател/пријателка

- застапник (advocate).

Кога ќе треба да го преразгледаме вашиот план, ве молиме донесете ја:

- оваа книшка

- секој извештај или информации од вашата поддршка, на пример извештај од вашиот доктор.

Бидете подготвени кога ќе го преразгледуваме вашиот план

Кога го преразгледуваме вашиот план е добро време да се провери дали поддршката што ја добивате ви помага:

- да ги правите работите во врска со вас

- да научите нови способности.

Важно е вашиот план:

- да ви одговара
- да се менува како што се менува вашиот живот.

Ние ќе ви речеме што да донесете кога ќе треба да го преразгледаме вашиот план.

Работи за кои треба да се размислува пред да го преразгледаме вашиот план

Има некои прашања за кои треба да размислите пред да го преразгледаме вашиот план.

Што функционираше добро во вашиот план?

Што не функционираше добро?

Дали вашата поддршка ви помогна да:

- правите работи за себе?
- научите нови способности?

Дали поддршката ви помогна да работите на остварувањето на вашите цели?

На кои цели сакате:

- да продолжите да работите?
- да се променат?

Дали во иднина ќе ви треба поддршка од NDIS?

Дали сакате делумно или целосно да се промени како се управува со вашето финансирање?

Дали ви треба повеќе поддршка за повеќе работи да правите сами?

Дали поддршката што ја добивате дома ги задоволува вашите потреби?

Дали имате технологија за помош што:

- е стара?
- треба да се замени?
- повеќе не ви треба?

За што може да зборувате кога го преоценуваме вашиот план?

Напишавме неколку прашања за кои може да размислувате.

Одговорите може да ви помогнат кога го преоценуваме вашиот план.

Има квадрати во кои може да ги споделите вашите одговори.

Прашања за размислување

Што функционираше добро во вашиот план?

Тоа вклучува секоја цел на која работевте.

Што не функционираше добро во вашиот план?

Кои прашања имате во врска со тоа како се управува со вашиот план?

Дали би сакале да промените како се управува со вашето финансирање?

Дали имате некоја нова цел за вашиот следен план?



Ваши белешки и други прашања:

Што ќе се случува натаму?

Вие може да го користите вашиот план и финансирање за да работите на остварувањето на вашите планови.

Вие може да се најавите (log) на порталот myplace или апликацијата NDIS за да го видите вашиот план.

Вашиот локален обласен координатор, или партнер за поддршка на деца на претшколска возраст или NDIA планер ќе ви помогне да обезбедите дека вашиот план ви одговара.

Ние ќе ви се јавиме кога ќе треба да го преразгледаме вашиот план.

Повеќе информации

За повеќе информации, ве молиме јавите нѝ се.

Може да ја посетите нашата веб-страница.

www.ndis.gov.au

Може да нѝ се јавите.

1800 800 110

Може да нѐ следите на Фејсбук.

www.facebook.com/NDISAus

Може да нѐ следите на Твитер.

@NDIS

Помош за разговор со нас

Може да разговарате со нас онлајн користејќи ја опцијата вебчат на горниот дел од нашата веб-страница.

www.ndis.gov.au



Ако не зборувате англиски, може да се јавите на Службата за писмено и усно преведување (Translating and Interpreting Service - TIS).

131 450

Ако имате попреченост на говорот или слухот, може да се јавите на:

TTY

1800 555 677

Зборувај и слушај

1800 555 727

National Relay Service (Национална служба за поврзување на лица со оштетен слух или говор)

133 677

www.relayservice.gov.au

Список на зборови

Administrative Appeals Tribunal (AAT) (Трибунал за административни жалби)

ААТ ги преразгледува владините одлуки.

Технологија за помош

Технологијата за помош може:

- да олесни да се прават нешта
- да ве одржува безбедни.

Технологијата за помош може да биде:

- помагало или опрема
- систем што се користи.

Согласност

Кога давате согласност, вие велите дека е во ред да се направи нешто.

Финансирање

Финансирање се пари од државата со кои се плаќаат поддршка и услуги.

Внатрешно преразгледување

При внатрешно преразгледување ние го проверуваме вашиот план за да видиме што:

- работи добро
- може да биде подобро.

Преведувач

Преведувач е некој кој:

- го зборува вашиот јазик
- ви помага да разберете што некој вели.

Фактура

Фактура (invoice) е документ што содржи:

- список на услугите што треба да бидат платени
- износот што треба да биде платен.

NDIS Quality and Safeguard Commission (NDIS Commission) (Комисија на NDIS за квалитет и безбедност) (Комисија на NDIS)

Комисијата на NDIS обезбедува луѓето со попреченост кои се вклучени во NDIS:

- да се безбедни
- да добиваат добри услуги.

Преоценување

Кога го преоценуваме вашиот план, проверуваме што треба да се смени.

Регистрирани даватели

Некои даватели на услуги се на списокот што го води Комисијата на NDIS.

Ние ги викаме регистрирани даватели.

Договор за услуги

Договор за услуги (service agreement) е писмен договор меѓу вас и вашиот давател на услуги.

Резервирање на услуга

Резервирањето на услуга ги вклучува:

- видот на поддршка што ви се укажува

- колку долго трае услугата

- колку ќе чини услугата.

Давател на услуги

Давател на услуги им дава поддршка на други луѓе давајќи им услуги.

Буџет за поддршка

Ние ќе го поделиме вашето финансирање за да се платат различни видови на поддршка.

Ние тоа го викаме ваш буџет за поддршка.

The Information Access Group го подготви овој документ за лесно читање користејќи професионални фотографии и специјални слики. Сликите не можат да бидат повторно употребени без дозвола. За прашања во врска со сликите, ве молиме посетете**www.informationaccessgroup.com**. Наведете работен број 4849.

Белешки

ndis

ndis.gov.au

DA0690 Macedonian (LOTE) Booklet: 3 Using your NDIS plan Oct 2022